СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 12 јуни 1987
Скопје
Број 24 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 200 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

479.

Врз основа на член 84 став 2 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА АВАНС ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ И НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД РЕПУБЛИКАТА ЗА СТОКОВНИ И НЕСТОКОВНИ ПЛАЌАЊА ВО ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука, до донесувањето на Одлуката за распоредување на девизи за потребите на општествените дејности и општествените организации од Републиката за 1987 година, на корисниците на девизни средства им се обезбедува аванс за периодот од 1 април до 30 јуни 1987 година во износ од 1,6 милиони САД долари што одговара на 15% од износот на девизите утврдени за овие намени за 1986 година.

Член 2

Корисниците на девизни средства поднесуваат барање до Републичкиот комитет за економски односи со странство кој издава согласност за откуп на девизни средства врз основа на претходно прибавено мислење од соодветната републичка самоуправна интересна заедница.

Член 3

Искористените средства, односно право на увоз и плаќање по оваа одлука ќе бидат вклучени во дефинитивното утврдување и распоредување на износите по корисниците што ќе се врши со Одлуката од членот 1 на оваа одлука.

Член 4

Евиденцијата за правото на увоз и плаќање се врши преку системот на Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, Југобанка — Основна банка — Скопје и Љубљанска банка — Основна банка — Скопје.

Член 5

Републичкиот комитет за економски односи со странство ќе се грижи за спроведување на оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“, а ќе се применува од 1 април 1987 година.

Бр. 23-1188/1
6 јуни 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Васил Влашки, с. р.

480.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРНА СЛУЖБА ВО СОСТАВ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

За советник на директорот на Републичката управа за ветеринарна служба во состав на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, се назначува Никола Ивановски, досегашен ветеринарен инспектор во Меѓуопштинската ветеринарна инспекција при Собранието на општината „Гази Баба“ — Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-688/2
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

481.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРНА СЛУЖБА, ВО СОСТАВ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

За советник на директорот на Републичката управа за ветеринарна служба во состав на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, се назначува Слободан Тетиковиќ, досегашен асистент на Ветеринарниот институт „Скопје“ — Скопје

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-688/3
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

482.

Врз основа на член 172 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

За заменик на директорот на Архивот на Македонија се именува Иван Алексов, досегашен раководител на Одделението за заштита на архивската граѓа во републичките органи и организации во Архивот на Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-756/2
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

483.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

За советник на директорот на Архивот на Македонија се назначува Љупчо Зоров, досегашен раководител на Одделението во Архивот на Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-756/3
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

484.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

За советник на директорот на Архивот на Македонија се назначува Виолета Герасимова, досегашен раководител на Одделението во Архивот на Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-756/4
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

485.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

За советник на директорот на Архивот на Македонија се назначува Татјана Веселинова, досегашен раководител на Одделението во Архивот на Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-756/5
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

486.

Врз основа на член 175 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ВО РЕПУБЛИЧКАТА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

Извршниот совет на Собранието на СР Македонија е согласен за републички инспектор во Отсекот за одржување на премерот и катастарот на недвижностите и запишување на правата во Републичката геодетска управа да биде назначена Гордана Кацаволу — Стефановиќ, досегашен секретар на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-809/3
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

487.

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

За републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Јела Лучиќ — Марковска, досегашен виши советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1028/2
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

488.

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ САМОСТОЕН СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

За самостоен советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се назначува Димитар Трајковски, досегашен советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1029/2
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски**, с. р.

489.

Врз основа на член 172 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ И СООБРАЌАЈОТ

За заменик на директорот на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот се именува Софронија Јанкуловски, досегашен заменик на директорот на Заводот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1092/2
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски**, с. р.

490.

Врз основа на член 172 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

За заменик на директорот на Републичката геодетска управа се именува Витомир Николовски, досегашен раководител на Сектор за организациски, самоуправни и правни работи во Здружената СИЗ за вработување на град Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1100/1
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски**, с. р.

491.

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

За помошник на директорот на Републичката геодетска управа се назначува Славко Палчевски, досегашен помошник на директорот на Управата.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1199/1
28 мај 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски**, с. р.

492.

Врз основа на член 160 точка 16 од Законот за внатрешни работи — Пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 37/80), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА НАДЛЕЖНИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Цените на обрасците што се употребуваат во органите на управата надлежни за внатрешни работи, изнесуваат и тоа за:

1.	Лична карта	100,00	динари
2.	Возачка дозвола	400,00	„
3.	Дозвола за возач на трактор	400,00	„
4.	Возачка потврда	400,00	„
5.	Сообраќајна дозвола за регистрирано возило (земјоделски трактор)	400,00	„
6.	Потврда за регистрација за регистрирано возило	400.00	„
7.	Потврда за привремена регистрација на возило	300,00	„
8.	Дозвола за поседување и носење на оружје	100,00	„
9.	Дозвола за поседување на оружје	100,00	„
10.	Тест за полагање возачки испит	70,00	„
11.	Извод од матичната книга на родените за употреба во странство	150,00	„
12.	Извод од матичната книга на венчаните за употреба во странство	150,00	„
13.	Извод од матичната книга на умрените за употреба во странство	150,00	„
14.	Постојана пропусница за движење и задржување на аеродром	50,00	„
15.	Привремена пропусница за движење и задржување на аеродром	50,00	„
16.	Пропусница за премин на Југословенско-бугарска граница во малограничен сообраќај на лица	300,00	„
17.	Привремена дозвола за движење и престој во граничен појас	50,00	„
18.	Постојана дозвола за движење и престој во граничен појас	50,00	„
19.	Привремена дозвола за движење и задржување на граничен премин	50,00	„
20.	Постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин	50,00	„
21.	Барање за издавање пропусница во малограничен сообраќај на лица	50,00	„
22.	Дозвола за инструктор	50,00	„

II. Со денот на влегувањето во сила на ова решение, престанува да важи Решението за цените на обрасците што се употребуваат во органите на управата надлежни за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 24/86).

III. Ова решение влегува во сила наредниот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 262-5996/1
5 јуни 1987 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
Александар Андоновски, с. р.

493.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 6 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 14 став 1 под I точка 4 и под II точките 3, 6, 11, 12 и 13, од Правилникот за работни односи донесен од Собирот на работните луѓе во Централното основно училиште „Вера Јоциќ" во Скопје на 29 септември 1983 година.

2. СЕ ОДБИВА предлогот на Основниот суд на здруженот труд во Скопје за оценување уставноста и законитоста на член 14 став 1 под II точките 2, 4, 5, 8, 9 и 10 од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Училиштето на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Основниот суд на здруженот труд во Скопје со предлог поднесен до Уставниот суд поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука. Според наводите во предлогот основот времетраење на живеење во местото на вработување не може да се предвиди како еден од критериумите за утврдување приоритетот при вработување, затоа што е спротивен на уставното начело за рамноправноста. Понатаму, во однос на дополнителните критериуми, во предлогот се наведува дека треба да бидат поништени, затоа што не станува збор за критериуми преку кои би можело да се утврди приоритетот при вработување.

5. На седницата Судот утврди дека во член 14 став 1 под I — основни критериуми, точка 4 е предвиден основот времетраење на живеење во местото на станувањето, а во истиот член под II во точките од 2 до 13 се предвидени дополнителните критериуми и тоа: престанок на работниот однос поради престанок односно стечај на организацијата во која работникот работел; работник — жена со малолетни деца и на жена со посвоени деца, согласно член 68 став 2 и 3 од Законот за работните односи; лица пред пензија на кои им недостасува законскиот минимум за остварување право на пензија; инвалидност; лице кое прв пат се вработува; учесник во НОБ; брачниот другар и децата на загинатиот и трајно неспособен работник во Училиштето; повратник од странство (освен оние кои се на привремена работа); лицата кои работеле сезонски или на замена над шест месеци во текот на годината; брачниот другар-ка на припадник на ЈНА или на органите за внатрешни работи поради преместување по потреба на службата; лица на кои им е експроприран имотот иако тој имот им претставувал основен извор на приходи; и ако во семејството нема никој вработен.

6. Според член 210 став 2 од Уставот на СР Македонија, на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Член 5 став 2 од Законот за работните односи предвидува дека со самоуправниот општ акт со кој се уредува работниот однос, работниците се должни да утврдат критериуми за приоритет при вработување, согласно со општествениот договор за вработување кој го склучиле или на кој му пристапиле.

Од овие уставни и законски одредби произлегува дека при ограничени можности за вработување, општествено е оправдано во самоуправниот општ акт да се уреди и приоритетот при вработување. Кои пак критериуми за утврдување приоритет при вработувањето ќе се предвидат е право на работниците. Меѓутоа, според мислењето на Судот тие мораат да бидат еднакви за сите работни луѓе и граѓани.

Поаѓајќи од означените уставни и законски одредби и од ограничените можности за вработување, Судот смета дека основниот критериум, времетраење на живеење во местото на вработување, како и дополнителните критериуми брачен другар на припадник на органите за внатрешни работи и на ЈНА поради преместување по потреба на службата; работник — жена со малолетно дете и работник — жена со посвоено дете; ако во семејството нема никој вработен; лице кое прв пат се вработува; лица на кои им е експроприран имотот, а кој им претставувал основен извор на приходи, дека не можат да се предвидат како дополнителни критериуми за утврдување приоритет при вработување, затоа што со овие критериуми неосновано им се дава приоритет на овие работни луѓе и граѓани, а со што се повредува уставното начело утврдено во член 210 став 2 од Уставот на СР Македонија.

Меѓутоа, што се однесува, пак, до основите инвалидност, лице со статус на повратник, освен на повратник кој бил привремено вработен во странство, по основ на престанок на работен однос поради престанок односно стечај во организацијата во која работел, учесници во НОБ, лица пред пензија на кои им недостасува законскиот минимум за остварување право на пензија, лица кои работеле сезонски или на замена над шест месеци во текот на годината, брачниот другар и децата на работник кој загинал или станал неспособен за работа, Судот утврди дека со нивното предвидување како основи со кои се утврдува приоритет при вработувањето не се повредува означеното уставно начело.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 156/85
6 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

494.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 13 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 51 став 2 од Самоуправната спогодба за заеднички основи и мерила за распоредување на чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците во основните организации и работните заедници во состав на Медицинскиот центар во Штип, донесена со референдум одржан на 17 јуни 1985 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означениот Медицински центар на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 1/87 од 1 април 1987 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 51 став 2 од Самоуправната спогодба означена во точ-

ката 1 од оваа одлука. Постапката е поведена затоа што пред Судот се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба од означената Самоуправна спогодба со уставното начело на распределба според трудот.

4. Судот на седницата утврди дека во член 51 став 2 од оспорената Самоуправна спогодба е предвидено на работниците кои имаат над 10 години работно искуство да им се додаваат уште 20 бода на личниот доход. Воедно, во член 56 од Спогодбата се утврдени посебни мерила за вреднување на работниот стаж по основот минат труд.

5. Согласно член 7 од Законот за работните односи, како еден од посебните услови за извршување на работите и работните задачи може да се предвиди и одредено работно искуство. Поради тоа, работното искуство предвидено како услов за извршување на работите и работните задачи може да биде предвидено како еден од подосновите на основот сложеност при определувањето на личниот доход.

Личниот доход, пак, на работникот согласно член 22 од Уставот на СР Македонија и член 126 став 1 од Законот за здружениот труд, се утврдува според резултатите од неговиот труд и според неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација.

Судот утврди дека во конкретниот случај во член 51 став 2 од Спогодбата се определени 20 бода за сите работници кои имаат стекнато над 10 години работно искуство, без притоа ова работно искуство да се поврзе со конкретните работи и работни задачи што ги извршува секој работник и со резултатите постигнати во извршувањето на работите и работните задачи.

Со оглед на тоа Судот утврди дека оспорената одредба од Спогодбата не е во согласност со уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 1/87
13 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

495.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 13 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на членовите 204 и 205 од Статутот на Работната организација Медицински факултет во Скопје, донесен од работниците со референдум одржан на 7 декември 1981 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Работната организација Медицински факултет на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје на Уставниот суд на Македонија му поднесе предлог за оценување уставноста и законитоста на членовите 204 и 205 од Статутот означен во точката 1 од оваа одлука. Според наводите во предлогот оспорените членови се во спротивност со Законот за здружениот труд загоа што составот на дисциплинската комисија и органот кој ја избира таа комисија ги уредуваат спротивно на означениот Закон и Законот за високото образование кој бил во важност за времето на донесувањето на Статутот.

4. Разгледувајќи го означениот Статут, Судот утврди дека членовите 204 и 205 се наоѓаат во делот од Статутот во кој се уредени прашањата во врска со наставно-научната дејност на Медицинскиот факултет, па во тие рамки се уредени и прашањата во врска со одговорноста на наставниците, органот кој ја избира дисциплинската комисија, како и нејзиниот состав. Притоа, Судот утврди дека правата и обврските од работниот однос наставниците ги остваруваат во основните организации на здружениот труд во состав на Факултетот, во кои тие го здружиле трудот или во други организации кои се наставни бази на Факултетот.

5. Според член 238 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), работниците во организациите на насоченото образование своите општествено-економски и други самоуправни права ги остваруваат според општите прописи кои важат за остварување на самоуправувањето на работниците во организациите на здружениот труд и според одредбите од овој Закон.

Според член 199 став 1 од Законот за здружениот труд за утврдувањето на повредите на работните обврски и на други повреди на работната дисциплина, за утврдување на одговорноста и изречување на мерките за тие повреди, во основната организација се формира дисциплинска комисија. Во член 200, пак, од истиот Закон е предвиден составот на дисциплинската комисија.

Во Законот за насоченото образование е утврдена постапката за избор на наставни и наставно-научни и соработнички звања, но не и постапката за разрешување. Според член 168 од Законот за насоченото образование овластени се организациите за насочено образование со самоуправен општ акт поблиску да го утврдат начинот, постапката, условите и критериумите за избор во научните звања. Според тоа, Судот смета дека во самоуправниот општ акт можат да се уредуваат прашањата за повредите на обврските за вршењето на наставната дејност, мерките што можат да се преземат како и органот кој ќе ја води постапката за утврдување на повредите настанати во вршење на наставната дејност.

Со оглед на тоа што со оспорените членови од Статутот се уредени прашањата во врска со изборот и составот на органот кој ќе ја води постапката при повреди настанати во вршење на наставна функција, а не се работи за дисциплинска комисија која ќе ја утврдува одговорноста за сторените повреди на должностите кои произлегуваат од работниот однос, Судот смета дека оспорените членови 204 и 205 од Статутот не се во спротивност со член 199 и член 200 од Законот за здружениот труд, затоа што во однос на оспорените членови од Статутот се применуваат одредбите од Законот за насоченото образование.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 66/87
13 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

176.

Врз основа на член 26 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир, а во согласност со член 25 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и Самоуправната спогодба за поблиско определување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци, Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Чаир, на VII-та седница, одржана на 6 март 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК ЗА ДЕЦАТА СО ПОТЕШКИ ПСИХОФИЗИЧКИ НЕДОСТАТОЦИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци.

Член 2

Во членот 11 точка 1 бројот „20.000" се замену ва со бројот „40.000".

Во истиот член, точка 2 бројот „25.000" се заменува со бројот „50.000".

Член 3

По членот 12 се додава нов член 12-а кој гласи:

„Во вкупните приходи на детето со потешки психофизички недостатоци без родителска грижа сместено во друго семејство не влегува надоместокот за неговото сместување "

Член 4

Во членот 27, точка 6 по зборот „брак" се брише запирката и место неа се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член во точка 7 по зборот „брак" се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член по точката 8 се додава нова точка 9 која гласи:

„Дете со потешки психофизички недостатоци кое по смртта на едниот родител остварило право на пензија, а другиот родител со кого живее не е во работен однос".

Член 5

Членот 42 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството, корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 30.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 30.001 динари до 40.000 динари".

Член 6

Членот 43 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството самохран родител со деца — корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 40.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 40.001 динари до 50.000 динари".

Член 7

Членот 44 се менува и гласи:

„Висината на посебниот додаток на деца со потешки психофизички недостатоци изнесува:

1. Во I цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	10.000 дин.
— за дете од 15 до 20	„	12.500 „
— за дете од 20 до 26	„	15.000 „

2. Во II цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	7.500 „
— за дете од 15 до 20	„	10.000 „
— за дете од 20 до 26	„	12.500 „ "

Член 8

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1987 година и ќе се објави во „Службен гласник на град Скопје".

Бр. 08-25
6 април 1987 година
Скопје

Претседател,
Бојко Киранциски, с. р.

177.

Врз основа на член 26 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Центар, а во согласност со член 25 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и Самоуправната спогодба за поблиско определување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци, Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Центар, на VII-та седница, одржана на 5 март 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК ЗА ДЕЦАТА СО ПОТЕШКИ ПСИХОФИЗИЧКИ НЕДОСТАТОЦИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци.

Член 2

Во членот 11 точка 1 бројот „20.000" се заменува со бројот „40.000".

Во истиот член, точка 2 бројот „25.000" се заменува со бројот „50.000".

Член 3

По членот 12 се додава нов член 12-а кој гласи:

„Во вкупните приходи на детето со потешки психофизички недостатоци без родителска грижа сместено во друго семејство не влегува надоместокот за неговото сместување".

Член 4

Во членот 27, точка, 6 по зборот „брак" се брише запирката и место неа се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член во точка 7 по зборот „брак“ се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член по точката 8 се додава нова точка 9 која гласи:

„Дете со потешки психофизички недостатоци кое по смртта на едниот родител остварило право на пензија, а другиот родител со кого живее не е во работен однос“.

Член 5

Членот 42 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството, корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 30.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 30.001 динари до 40.000 динари“.

Член 6

Членот 43 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството — самохран родител со деца — корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 40.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 40.001 динари до 50.000 динари“.

Член 7

Членот 44 се менува и гласи:

„Висината на посебниот додаток на децата со потешки психофизички недостатоци изнесува:

1. Во I цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	10.000 дин.
— за дете од 15 до 20	„	12.500 „
— за дете од 20 до 26	„	15.000 „

2. Во II цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	7.500 „
— за дете од 15 до 20	„	10.000 „
— за дете од 20 до 26	„	12.500 „“

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1987 година и ќе се објави во „Службен гласник на град Скопје“.

Бр. 08-13
6 април 1987 година
Скопје

Претседавач,
Ката Павлова, с. р.

178.

Врз основа на член 26 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Кисела Вода, а во согласност со член 25 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81) и Самоуправната спогодба за поблиско определување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци, Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Кисела Вода на VII-та седница одржана на 5 март 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК ЗА ДЕЦАТА СО ПОТЕШКИ ПСИХОФИЗИЧКИ НЕДОСТАТОЦИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци.

Член 2

Во членот 11 точка 1 бројот „20.000“ се заменува со бројот „40.000“.

Во истиот член, точка 2 бројот „25.000“ се заменува со бројот „50.000“.

Член 3

По членот 12 се додава нов член 12-а кој гласи:

„Во вкупните приходи на детето со потешки психофизички недостатоци без родителска грижа сместено во друго семејство не влегува надоместокот за неговото сместување“.

Член 4

Во членот 27, точка 6 по зборот „брак“ се брише запирката и место неа се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член во точка 7 по зборот „брак“ се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член по точката 8 се додава нова точка 9 кој гласи:

„Дете со потешки психофизички недостатоци кое по смртта на едниот родител остварило право на пензија, а другиот родител со кого живее не е во работен однос“.

Член 5

Членот 42 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството, корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 30.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 30.001 динари до 40.000 динари“.

Член 6

Членот 43 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството — самохран родител со деца — корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 40.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 40.001 динари до 50.000 динари“.

Член 7

Членот 44 се менува и гласи:

„Висината на посебниот додаток на децата со потешки психофизички недостатоци изнесува:

1. Во I цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	10.000 дин.
— за дете од 15 до 20	„	12.500 „
— за дете од 20 до 26	„	15.000 „

2. Во II цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	7.500 „
— за дете од 15 до 20	„	10.000 „
— за дете од 20 до 26	„	12.500 „“

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1987 година и ќе се објави во „Службен гласник на град Скопје.

Бр. 08-26
6 април 1987 година
Скопје

Претседател,
Зора Аџиева, с. р.

179.

Врз основа на член 26 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Карпош, а во согласност со член 25 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и Самоуправната спогодба за поблиско определување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци, Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Карпош, на седницата одржана на 6 март 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК ЗА ДЕЦАТА СО ПОТЕШКИ ПСИХОФИЗИЧКИ НЕДОСТАТОЦИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за деца со потешки психофизички недостатоци.

Член 2

Во членот 11 точка 1 бројот „20.000" се заменува со бројот „40.000".

Во истиот член, точка 2 бројот „25.000" се заменува со бројот „50.000".

Член 3

По членот 12 се додава нов член 12-а кој гласи:

„Во вкупните приходи на детето со потешки психофизички недостатоци без родителска грижа сместено во друго семејство не влегува надоместокот за неговото сместување".

Член 4

Во членот 27, точка 6 по зборот „брак" се брише запирката и место неа се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член во точка 7 по зборот „брак", се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член по точка 8 се додава нова точка 9 која гласи:

„Дете со потешки психофизички недостатоци кое по смртта на едчиот родител остварило право на пензија, а другиот родител со кого живее не е во работен однос".

Член 5

Членот 42 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството, корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 30.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 30.001 динари до 40.000 динари".

Член 6

Членот 43 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството — самохран родител со деца — корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 40.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 40.001 дин. до 50.000 динари".

Член 7

Членот 44 се менува и гласи:

„Висината на посебниот додаток на деца со потешки психофизички недостатоци изнесува:

1. Во I цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	10.000 дин.
— за дете од 15 до 20	„	12.500 „
— за дете од 20 до 26	„	15.000 „

2. Во II цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	7.500 „
— за дете од 15 до 20	„	10.000 „
— за дете од 20 до 26	„	12.500 „ "

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1987 година и ќе се објави во „Службен гласник на град Скопје".

Бр. 08-12
31 март 1987 година
Скопје

Претседател,
Благородна Никодиноска, с. р.

180.

Врз основа на член 26 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Гази Баба, а во согласност со член 25 од Законот за општествена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и Самоуправната спогодба за поблиско определување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на општината Гази Баба, на VII-та седница, одржана на 5 март 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК ЗА ДЕЦАТА СО ПОТЕШКИ ПСИХОФИЗИЧКИ НЕДОСТАТОЦИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот на остварување и висината на посебниот додаток за децата со потешки психофизички недостатоци.

Член 2

Во членот 11 точка 1 бројот „20.000" се заменува со бројот „40.000 динари.

Во истиот член, точка 2 бројот „25.000" се заменува со „50.000".

Член 3

По членот 12 се додава нов член 12а кој гласи:

„Во вкупните приходи на детето со потешки психофизички недостатоци без родителска грижа сместено во друго семејство не влегува надоместокот за неговото сместување".

Член 4

Во членот 27, точка 6 по зборот „брак" се брише запирката и место неа се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член во точка 7 по зборот „брак" се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член по точката 8 се додава нова точка 9 која гласи:

„Дете со потешки психофизички недостатоци кое по смртта на едниот родител остварило право на пензија, а другиот родител со кого живее не е во работен однос".

Член 5

Членот 42 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството, корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во II цензусни групи и тоа:

I цензусна група —ако вкупниот месечен приход по член на семејството го надминува износот од 30.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 30.001 до 40.000 динари".

Член 6

Членот 43 се менува и гласи:

„Во зависност од стварните вкупни приходи на семејството — самохран родител со деца — корисниците на посебниот додаток се распоредуваат во II цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството не го надминува износот од 40.000 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 40.001 дин. до 50.000 динари".

Член 7

Членот 44 се менува и гласи:

„Висината на посебниот додаток на деца со потешки психофизички недостатоци изнесува:

1. Во I цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	10.000 дин.
— за дете од 15 до 20	„	12.500 „
— за дете од 20 до 26	„	15.000 „

2. Во II цензусна група:

— за дете до 15 годишна	возраст	7.500 „
— за дете од 15 до 20	„	10.000 „
— за дете од 20 до 26	„	12.500 „ "

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1987 година и ќе се објави во „Службен гласник на град Скопје".

Бр. 08-12
31 март 1987 година
Скопје

Претседател,
Павле Миланов, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — СТРУМИЦА

181.

Врз основа на член 34 од Законот за основање на Самоуправните интересни заедници за физичка култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), и член 86 од Статутот на Општинската СИЗ за физичка култура — Струмица, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 7 април 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — СТРУМИЦА И ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот и личните доходи на организациите на здружен труд и другите организации и заедници во општина Струмица, по основ на кои се обезбедуваат средства за Општинската СИЗ за физичка култура — Струмица и за здружување на средства во Републичката СИЗ за физичка култура во 1987 година.

Член 2

Во 1987 година се утврдуваат следните стапки на придонесите и тоа:

1. стапката од придонесот од доходот на ОЗТ во стопанството изнесува 0,60%;

2. стапката на придонесот од личен доход на вработените во ОЗТ од нестопанството се утврдува и изнесува:

— придонес од личен доход на ОЗТ од нестопански дејности по стапка од 0,50%, освен за ОЗТ од основното и средно насочено образование и социјална заштита кои ќе плаќаат придонеси во висина од 50% од општата стапка или 0,25%, а организациите за општествена заштита на деца, организациите кои вршат дејност на заштита на културни блага и од областа на сценско-уметничка дејност и високото образование ќе плаќаат придонеси во висина од 70% од општата стапка или 0,35%;

— придонесот од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 3,5%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, по стапка од 0,67%.

Член 3

Општинската СИЗ за физичка култура — Струмица, врз основа на член 1 од оваа одлука, здружува средства во Републичката СИЗ за физичка култура од средствата што се обезбедуваат со стапката по член 2 од оваа одлука и изнесува:

— придонес од доходот на ОЗТ од стопанството, по стапка од 0,04%;

— придонес од личен доход од нестопанството со стапка од 0,05% освен за ОЗТ од основното и средно насочено образование и социјална заштита кои ќе плаќаат 50% од општата стапка или 0,025%, а организациите од општествената заштита на деца, организациите кои вршат заштита на културни блага и од областа на сценско-уметничката дејност и високото образование кои ќе плаќаат во висина од 70% од општата стапка или 0,035%.

Член 4

Пресметувањето и уплатата на средствата по оваа одлука ќе го врши Службата на општественото книговодство — филијала Струмица.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се применува од 1 јануари 1987 година, освен стапката од придонесите од доходот на ОЗТ во стопанството по стапка од 0,60% која ќе се применува од 1 април 1987 година.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонесите за финансирање на физичката култура во општина Струмица за 1986 година.

Бр. 03-47/1
8 април 1987 година
Струмица

Претседател,
Димитар Калкашлиев, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

182.

Врз основа на член 51 од Законот за здравствена заштита и член 63 и 68 од Статутот на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата одржана на 29 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ВРЕМЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ОД РАБОТА

Член 1

Висината на надоместокот на личниот доход за време на привремена спреченост за работа над 30 дена на терет на средствата на Заедницата за здравствена заштита — Штип изнесува:

1. 90% од основот за надоместок од триесет и првиот ден до шеесетиот ден;

2. 95% од основот од шеесет и првиот ден спреченост за работа.

Член 2

Висината на надоместокот на личниот доход за време на привремена спреченост од работа поради нега на болен член на потесното семејство се исплатува во висина од 80% од основот за надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 06-7/8
